# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН


Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба

Службен гласник бр.12
28.10.2022 година
Општина Росоман

Изготвува општинската администрација на Општина Росоман



Тел.(043)441-331 факс.(043)441-443


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Програмата за одбележување на празникот на општина Росоман “17-ти Декември-2022 година“, донесена на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.1,1**
**25.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 9 точка од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 17-тата седница на ден 25.11.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одбележување на празникот на општина Росоман**
**17-ти Декември 2022 година**

- Советот на општина Росоман во целост ја прифаќа доставената програма за одбележување на празникот на општина Росоман 17-ти Декември 2022 година

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

- Традиционално одбележување на празникот на општината 17-ти Декември 2022 година ќе се одржи по следната програма:
    1. Свечена седница на Советот на општина Росоман што ќе се одржи во старото училиште во Росоман
    2. Обраќање на градоначалникот на општина Росоман
    3. Доделување на пригодни награди и признанија за најдобрите ученици
    4. Доделување на општинско признание "17-ти Декември" за развој и промоција на општина Росоман
    5. Свечен коктел што ќе се организира и одржи во старото училиште во Росоман

- Средствата за покривање на трошоците за одбележување на празникот се одредуваат во висина од 200.000,оо денари, а че се обезбедат од Буџетот на општина Росоман за 2022 година.
- Оваа Програма бблегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр. 08-643/1.1,1**
**РОСОМАН**
**28.11.2022 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Програмата за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година, донесена на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.2**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ“ бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 7 од Статутот на општина Росоман (Службен гласник на општина Росоман бр.7/06)), Советот на општина Росоман на 17-тата седница одржана на ден 25.11.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година

### Член 1

Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година се дополнува во делот Планирање во точка 2 и по алинеја 50 се додаваат две нови алинеи и тоа :

- Иницијативата бр.12-376/1 од 21.06.2022 година за Урбанистички проект за село со поединечна класа на намена А1-1 (станбена куќа - слободностоечка) во урбанистички план за село Росоман на КП.бр. 4232 и дел од КП.бр. 4229 за КО Росоман поднесена од Мартина Попова од Кавадарци ;
- Иницијативата бр.12-409/1 од 19.07.2022 година за изработка на Урбанистички проект за разработка на урбанистички план за село Росоман, брок 8, за намена Е2.1- бензинска пумпна станица поднесена од Друштво за трговија, транспорт и услуги ХОРСЕ ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци ;

### Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08 – 643/1.2**
**28.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Заклучокот за одбивање на Иницијативата со бр.12-410/1 од ден 19.07.2022 година, донесен на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.3**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Закон за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 17-тата седница одржана на ден 25.11.2022 година, донесе

## **З А К Л У Ч О К**

1. Во однос на точката 3 од утврдениот дневен ред - "Предлог за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година, врз основа на поднесени иницијативи од физички и правни лица", која се однесува на Иницијативата бр.12-410/1 од ден 19.07.2022 година за изградба на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ дел од КП.бр.376/1 КО Трстеник, поднесена од **МОНТИНГ ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Кавадарци,** Советот одлучи истата да биде одбиена поради немање мнозинство.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесуваање, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр. 08-643/1.3**
**28.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Решението за недавање на согласност и неусвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД “Росоман“ – Росоман за периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, донесено на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.4,1**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 точка 31 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 17-тата седница одржана на ден 25.11.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за недавање на согласност и неусвојување на Извештајот за работењето на ЈПКД "Росоман" – Росоман за периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година**

1. Не се дава согласност и не се усвојува Извештајот за работењето на ЈПКД "Росоман" – Росоман, за периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-643/1.4,1**
**28.11.2022 година**
**Росоман**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Решението за разрешување и именување на член во училишен одбор на ООУ “Пере Тошев“ Росоман како претставник од редот на општината, донесено на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.5,1**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 точка 42 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 17-тата седница на ден 25.11.2022 година

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на член во училишен одбор на ООУ “Пере Тошев“ Росоман како претставник од редот на општината**

1. Се разрешува лицето Јованче Јошев од член на училишен одбор на ООУ “Пере Тошев“ – Росоман поради истек на мандатот.

2. Се именува лицето Павлинка Секуловска за член на училишен одбор на ООУ “Пере Тошев“ Росоман како претставник на основачот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-643/1.5,1**
**28.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Заклучокот за одложување на точката 6 – Барање бр.08-656/2 од ден 21.11.2022 за утврдување на месечен паушал за ангажирање на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на ЈПКД Росоман - Росоман, донесен на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.6**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (*Службен весник на РМ* бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман (*Службен гласник на општина Росоман* бр.7/06) Советот на општина Росоман на 17-тата седница одржана на ден 25.11.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Во однос на точката 6 од утврдениот дневен ред – Барање бр.08-656/2 од ден 21.11.2022 година на Одлука бр.08-656/3 од ден 21.11.2022 година за утврдување на месечен паушал за ангажирање на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на ЈПКД Росоман-Росоман, **Советот одлучи истата да биде разгледана и решена на наредна седница** поради следното:
   - Советот го задолжува подносителот на барањето ЈПКД Росоман, да утврди друг износ на месечен паушал за ангажирање на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на ЈПКД Росоман-Росоман.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на негово донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр. 08-643/1.6**
**28.11.2022 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на Маја Ташева, донесена на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.7**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06) , Советот на општина Росоман на 17-тата седница одржана на ден 25.11.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска помош на Маја Ташева**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-659/1 од 22.11.2022 година поднесено од страна на Маја Ташева, за одобрување на финансиска помош во износ од 60.000,оо денари, потребни за лекување на Марко Ташев.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-643/1.7**
**28.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Росоман за 2022 година, донесена на 17-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 25.11.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-643/1.8**
**30.11.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалкна самоуправа (Службен весник на РСМ. Бр.5/2022), а во врска со член 36 став 3 од Законот за Буџетите (Службен весник на РСМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и 151/2021), Советот на општина Росоман на 17-тата седница одржана на ден 25.11.2022 година донесе

# О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Росоман за 2022 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Росоман за 2022 година на следниот начин:

| **Потпрограма** | | **Буџет** | **Самофинансирање** | **Дотации** | **Донации** | **Кр** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потставка** | | | | | | |
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 401110 | Основни плати-функционери | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 4011 20 | Основни плати државни службеници<br>408.000 | - | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402 10 | Основни придонеси за ПИО | -70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 176.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 212.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JG0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** | | | | | |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | -80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати – други вработени | -150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | •150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати – други вработени | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 80.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

**Бр. 08-643/1.8**

**30.11.2022**

Претседател на Советот на Општината
**Ристо Јошев**